# Известување за претстојна пролетна дератизација

Напишано од Urednik
Петок, 06 Мај 2016 14:24 -




Се известуваат граѓаните на Општина Демир Хисар, дека во периодот од 10.05.2016 и 11.05.2016 година, екипи на Центарот за јавно здравје - Битола ќе спроведуваат активности на теренот во смисла на пролетна фаза од превентивната вонредна систематска дератизација т.е. поставување на мамци за уништување на глодари (глувци). Со дератизацијата ќе биде опфатено:

- Дератизација на подземниот канализациски систем во Општина Демир Хисар;
- Дератизација на прифатниот канализационен систем на објекти од посебен јавен интерес:

  - Детска градинка;

  - Воспитно образовни институции;

  - Здравствени установи;

  - Останати објекти во градот од јавен интерес на локалната самоуправа,

- Дератизација на јавната депонија

Активностите на терен ќе ги спроведуваат екипи на одсекот за ДДД при ЈЗУ ЦЗЈ Битола. Активностите ќе се изведуваат во канализационите шахти поставени на коловозите, тротоарите и шахтите во околина на наведените објекти. Екипите и активностите на терен ќе бидат обележани и заштитени со знаци за предупредување.